РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-38/1
03.01 2022 год.
ВЕЛЕС

ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2021 ГОДИНА

**Арх. бр. 11-38/1**
**3 јануари 2022 година, Велес**

**СОДРЖИНА**

1. Вовед ........................................................................................................ 1
2. Табеларен приказ на активности (Активностите наведени во табелата хронолошки се набројани според датумот на реализирање) .................... 1
3. Текстуално образложение на активности ........................................................ 4
4. Образложение за Извештајот ......................................................................... 15
5. Документи во прилог ..................................................................................... 15
6. Легенда на кратенки ...................................................................................... 15

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-3871
03.01. 2021 год.
ВЕЛЕС

**До**
**Градоначалник на Општина Велес**
**Совет на Општина Велес**
**Агенција за млади и спорт**

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики и врз основа на Решението за именување на Службеник за млади (08-2102/1, од 20.05.2021 година), Службеникот за млади од Општина Велес, го изработи следниот:

## ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Службеникот за млади од Општина Велес во 2021 година

| Бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Реализирани состаноци со Агенција за млади и спорт (Младински центар) | Агенција за млади и спорт | 17 февруари, 4 март и 11 март 2021 | / |
| 2 | Онлајн средба со претставници на ЕУ | Европска куќа, Скопје | 6 април 2021 | / |
| 3 | Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (Младински центар) | Швајцарска амбасада / Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) | 28 април 2021 | 26-1817/1 |
| 4 | Спроведени еко акции „За чисто како дома исто" – „Генералка викенд" | Европска куќа, Скопје | 8 мај 2021 | / |
| 5 | Одбележан 9 Мај, Денот на Европа | / | 9 Мај 2021 | / |
| 6 | Одговорен анкетен прашалник (Имплементација на Закон за младинско учество и политики) | Клуб за младински прашања и политики при Собранието на РСМ | 10 мај 2021 | 03-1705/2 |
| 7 | Организиран онлајн идеатон за млади | Европска куќа, Скопје | 14 - 16 мај 2021 | / |
| 8 | Донесено Решение за именување на Службеник за млади во Општина Велес | / | 20 мај 2021 | 08-2102/1 |

| Бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Одговорен анкетен прашалник (Младински центар) | Радио „МОФ" | 20 мај 2021 | 11-2080/2 |
| 10 | Одржан состанок со ГО и претставник на СМР (Младински центар) | Сојуз за младинска работа (СМР) и Граѓански организации | 31 мај 2021 | / |
| 11 | Уредени простории наменети за Младински центар | / | мај – јули 2021 | / |
| 12 | Донесена техничка и канцелариска опрема за Младински центар | Агенција за млади и спорт | мај – јули 2021 | / |
| 13 | Објавени контакт информации за Службеник за млади | Влада, Агенција за млади и спорт, Национален Младински совет | / | / |
| 14 | Посета на Европска куќа, Скопје и резиденција на амбасадорот на ЕУ, Скопје | Европска куќа, Скопје | 10 јуни 2021 | / |
| 15 | Донесена Статутарна Одлука на Совет на Општина Велес за пристапување кон изменување на Статутот на Општина Велес | / | 21 јуни 2021 | 25-2495/3 |
| 16 | Отворен ден – Млади Европски амбасадори | Европска куќа, Скопје | 24 јуни 2021 | / |
| 17 | Промоција на Прирачник за Локален Младински совет | Агенција за млади и спорт и Мисија на ОБСЕ | 30 јуни 2021 | / |
| 18 | Донесена Одлука на Совет на Општина Велес за намена на простор за Младински центар | / | 1 јули 2021 | 25-2630/5 |
| 19 | Добиена поддршка за Младински центар | Европска куќа, Скопје | 16 јули 2021 | / |
| 20 | Донесена Одлука на Совет на Општина Велес за утврдување на услови за избор на | / | 4 август 2021 | 25-3094/5 |

| Бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| | Младинска организација или организација за млади за раководење со Младински центар во Велес | | | |
| 21 | Одбележан 12 август, Меѓународниот ден на младите | / | 12 август 2021 | / |
| 22 | Насликан мурал „Европска младинска картичка” | Амбасада на Швајцарија | 19 – 25 август 2021 | / |
| 23 | Воспоставена комуникација и соработка со ЗГ „Младински сојуз” Крушево | Младински сојуз – Крушево (Youth Alliance) | 23 август 2021 | |
| 24 | Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер | Мониторинг на спроведувањето на законот за младинско учество и младински политики | 7 октомври 2021 | 26-3616/2 |
| 25 | Насликан мурал „Ленка” | „Студио КР7 ТП” | 19 – 26 октомври 2021 | / |
| 26 | Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер | Фондација за развој на локална заедница | 26 октомври 2021 | 26-3969/2 |
| 27 | Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер | ЗГ „Младите можат” Германска фондација Schuler Helfen | 5 ноември 2021 | 26-4099/2 |
| 28 | Одговорен онлајн прашалник за млади | Leben Швајцарска амбасада / Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) | 23 ноември 2021 | / |
| 29 | Одбележан 5 декември, Денот на волонтерството Работилница за млади | ЗГ „Младите можат”, Скопје | 3 декември 2021 | / |

| Бр | Активност | Партнери / Соработници / Барател на информација | Период на реализација | Архивски број |
|---|---|---|---|---|
| 30 | Недела на Европски филм | Европска куќа, Скопје | 15 декември 2021 | / |
| 31 | Презентација за истражување за младински трендови | Коалицијата на младински организации СЕГА | 21 декември | / |
| 32 | Остварена и одржана редовна комуникација со засегнати страни | Службеници за млади од други општини, Сојуз за младинска работа, Агенција за млади и спорт, Млади, Здруженија на граѓани | мај – декември 2021 | / |

- **Активностите наведени во табелата хронолошки се набројани според датумот на реализирање.**

## 1. Реализирани состаноци со претставници на Агенција за млади и спорт

Првите два состаноци со претставници на Агенцијата за млади и спорт се одржаа по повик на АМС во просториите на АМС во Скопје на 17 февруари и 4 март 2021 година. На средбите беа присутни претставниците од АМС: директор, Наумче Мојсовски и Гордана Цекова, претставник од Владата на РСМ, Ѓорѓи Тасев, Советник за млади на премиерот, претставници од сите четири, пилот градови и претставници од неколку НВО, членки на Сојузот за младинска работа (СМР).

На состаноците се претстави идејата за формирање на Младински центри во сите општини согласно новиот Закон за младинско учество и политики (донесен на 14 јануари 2020 година), дека е направен избор на први, четири, пилот градови каде ќе се отвораат Младински центри (Велес, Кавадарци, Куманово и Битола), за обврските кои општините треба да ги исполнат и за начините на функционирање на Центрите.

Истовремено, беше известено дека Агенција за млади и спорт ќе работи во соработка со СМР на усвојување на Стандардите за основање и функционирање на Младинските центри. (По усвојувањето, истите беа споделени со секоја општина).

Меѓудругото се разговараше и за начинот на раководење на Центрите, задолженијата на организацијата која ќе го раководи Центарот, за процентот на финансирање од страна на општините за функционирање на Младинските центри, за времетраењето на договорот со организацијата која би управувала со

Младинскиот центар, за контролата на квалитетот на функционирањето на младинските центри дека ќе се врши од страна на АМС, односно меѓуресорска група формирана од страна на АМС.

Претставниците на општините ги споделија предизвиците со кои се соочуваат во моментот во врска со обезбедување просторни услови за функционирање на Младинскиот центар.

Исто така, директорот на Агенција за млади и спорт, г-дин Наумче Мојсовски заедно со советникот во Владата на РСМ, г-дин Ѓорги Тасев се задолжија да стапат во контакт со градоначалниците на четирите градови за да ги информираат за финансиската поддршка која треба да ја обезбедат општините.

Третиот состанок на Градоначалникот на Општина Велес со директорот на Агенција за млади спорт, Наумче Мојсовски и Гордана Цекова од АМС, се одржа на 11 март 2021 година во просториите во ЛБ „Гоце Делчев" во Велес каде ги посетија и просториите наменети за Младински центар. Одржаа краток информативен состанок (на нивно барање), се разговараше на следниве теми и се заклучи:

- Да се промени Програмата за млади на Општина Велес за 2021 година и да се зголеми буџетот на Програмата;
- АМС ќе го донесат обезбедениот мебел и техничка опрема;
- Во меѓувреме да се отпочне со неопходните подготовки на просториите (чистење, молеро-фарбарски работи...);
- Ходниците, медиотеката, лифтот за лица со попречености, сцената и дворот (како помошни простории и по потреба) да се користат за потребите на Центарот;
- Капацитетност на НВО – се разговараше за потенцијалите со кои младинските организации или организациите за млади располагаат, нивниот капацитет (човечки и професионален), за пристапот на енергија и креативни идеи и потенцијал со кои треба да располага организацијата за да може да раководи со Младинскиот центар.

На состанокот присуствуваше и Службеникот за млади.

**2. Онлајн средба со претставници на ЕУ**

По добиена информација од Делегацијата на Европската Унија и Европска куќа, Скопје, се организираше онлајн средба на која се разговараше на следните теми:

- Работење и менаџирање на ЕУ Инфо точките;
- Зголемување на јавната свест преку реализирање на ЕУ проекти;
- Информации за поддршка на активности преку ЕУ Фондови;
- Размена на мислење и идеи за реализирање активности за одбележување на 9 Мај, Денот на Европа.

На средбата присуствуваа службеници за млади, лица задолжени за контакт со Делегацијата на Европска Унија, претставници на Делегација на ЕУ (координаторите и проект менаџерите на ЕУ Инфо точките и Европските куќи во Македонија), Н.Е. Дејвид Гир, амбасадор на ЕУ, претставници од тринаесет градови каде има и каде се планира да се отвори ЕУ Инфо точка и Европска куќа (Скопје, Битола, Гостивар, Струмица, Крива Паланка, Кавадарци, Тетово, Охрид, Велес...)

Средбата се одржа на платформата Zoom, на 6 април 2021 година.

3. **Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, дел од проект за поддршка на изборни реформи во Северна Македонија – проект на Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ), спроведен од ИФЕС и НМСМ, а во врска со постапката и подготовките за отпочнување со работа на Младински центар во Велес, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 14 мај 2021 година (арх бр. 26-1817/2).

Одговорот по електронски пат е доставен до Софија Стојановска, мобилизаторка во проектот.

4. **Спроведени еко акции „За чисто како дома исто" – „Генералка викенд"**

По повод 9 Мај, Денот на Европа, а во соработка со делегацијата на Европската Унија и Европска куќа, Скопје, млади луѓе од Велес се вклучија во иницијативата „За чисто како дома исто". Во еко акцијата за чистење на дворот и зградата на Домот на НВО во Велес се вклучија млади и волонтери на повеќе Здруженија на граѓани.

Настанот се одржа на 8 мај 2021 година, а беше во координација со службеникот за млади од Општина Велес. За учесниците во иницијативата, Европска куќа, Скопје обезбеди и маички со промотивни пораки, еко вреќи за собирање на отпадот, заштитни ракавици, како и средства за дезинфекција.

Иницијативата беше дел од поголемиот настан „Генералка викенд" во кој учество земаа Здруженија на граѓани, претставници на општинската администрација, од јавните претпријатија, ОО на Црвен крст, Велес, претставници на ЗГ „Мен анд маунтен" и „Пакомак", кои во организирани еко акции ги исчистија островот на Вардар во Градскиот парк и локација крај езерото „Младост" близу Велес.
(**линк:** https://veles.gov.mk/generalka-vikend-2021-sumski-pojas-sopot-gradski-park/ )

5. **Одбележан 9 Мај, Денот на Европа**

Со видео порака (обраќање) градоначалникот на Општина Велес го честиташе овој меѓународен ден на сите жители на Општина Велес, со посебен осврт во обраќањето кон младите велешани.

Во видео пораката (објавена на интернет страницата на Општина Велес и на Facebook страницата на Општина Велес, **линк:** https://veles.gov.mk/video-cestitka-povod-9-maj-den-na-evropa-2021/), Градоначалникот упати и апел за поттик кон младите да ги следат и редовно да се вклучуваат во процесите на донесување одлуки, со цел поголема застапеност на младите, инклузивност и транспарентност во постапките кои можат и треба да придонесат во развојот на оваа категорија сограѓани.

6. **Одговорен анкетен прашалник**

По пристигнато Барање согласно активностите на Клубот за младински прашања и политики при Собранието на РСМ, во врска со имплементацијата на Законот за младинско учество и политики во Општина Велес, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 10 мај 2021 година (арх бр. 03-1705/2).

Одговорот е доставен и електронски и поштенски до пратеник Јован Јаулески, координатор на Клуб за младински прашања и политики при Собранието на РСМ.

7. **Организиран онлајн идеатон за млади**

Заедно со Европска куќа, Скопје (Europe House Skopje) и мрежата на ЕУ инфо точки од над десет градови низ државата и со поддршка на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, по повод 9 Мај, Денот на Европа, од 14 до 16 мај беше организиран онлајн Ideathon: Innovate for a GREEN future / Иновирај за ЗЕЛЕНА иднина.

Учество на идеатонот земаа повеќе од 50 млади иноватори од над десет градови, меѓу кои и млади умови од Општина Велес, кои работеа на иновативни решенија и креираа дигитални продукти/алатки за позелена иднина.

Главната цел на овој идеатон за млади е да се креираат иновативни зелени дигитални решенија во областите / темите:

- „од фарма до чинија";
- организирање на отпад и
- циркуларна економија.

Темите се во согласност со Европскиот зелен договор за кој се залага Европската Унија, да биде првиот климатски неутрален континент до 2050 година. Тој ја мапира новата, одржлива и инклузивна стратегија за раст за зајакнување на економијата, подобрување на здравјето и квалитетот на животот на луѓето, грижата кон природата.

Идеатонот се одржа на платформата Зум, од 14 до 16 мај 2021 година.

8. **Донесено Решение за именување на Службеник за млади во Општина Велес**

Врз основа на член 23, став 1 од Законот за младинско учество и младински политики со кој општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се задолжуваат да одредат службеник за млади, Градоначалникот на Општина Велес на 20 мај 2021 година донесе Решение за именување на службеник за млади (арх бр. 08-2102/1). Во прилог кон овој Извештај е доставена копија.

9. **Одговорен анкетен прашалник (Младински центар)**

По пристигнато Барање согласно потребите на Радио „МОФ", Скопје, а во врска со процедурата за формирање на Младински центар во Општина Велес, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 20 мај 2021 година (арх бр. 11-2080/2).

Одговорот е доставен по електронски пат до Јасмина Јакимова, новинарка и главна уредничка на Радио „МОФ".

10. **Одржан состанок со ГО и претставник на СМР (Младински центар)**

Во соработка со Агенцијата за млади и спорт (АМС) и Сојузот за младинска работа (СМР), на 31 мај 2021 година, во просториите на Општина Велес се одржа состанок со претставници на младински организации и организации за млади од Општина Велес, претставници од општинската администрација. Претставникот на СМР, Драган Атанасовски пред присутните го претстави процесот на формирање на Младински центар согласно Законот за младинско учество и младински политики. Преку отворена дискусија претставниците на ГО се запознаа со чекорите

за формирање на Младински центар, како и со обврските кои организацијата која ќе биде избрана на Јавниот повик ќе ги има при раководењето на Центарот.

**11. Уредени простории наменети за Младински центар и**

**12. Донесена техничка и канцелариска опрема за Младински центар**

Општина Велес како една од првите четири општини во државата во кои се отвораат Младински центри, предвидени и дефинирани во Законот за младинско учество и младински политики го започна широкиот и комплексен процес на правно-формално спроведување и усогласување на постапките за формирање на Младински центар во Велес, водени според Правилникот за Стандарди за квалитет на Младинските центри, подготвен од страна на членките на Сојузот за младинска работа (СМР).

Според динамиката на активности на Агенцијата за млади и спорт, мебелот пристигна во периодот од 6 до 17 мај 2021 година (10 канцелариски столови со ногарки, 4 канцелариски столови со тркала, 4 lazy bags, 4 маси и 10 полици без позадина). Иако предвидена, техничката опрема (два лап топ компјутери), сè уште не е пристигната.

Во периодот кој следеше, просториите наменети за Младински центар беа исчистени и уредени, завршени се потребните молеро-фарбарски работи, наместени и опремени со дополнителна опрема (книги, едукативни и промо материјали и др.).

**13. Објавени контакт информации за Службеник за млади**

Врз основа на член 23, став 3 од Законот за младинско учество и младински политики, „контакт информациите за службениците за млади се јавно достапни преку гласилата на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје".

Објавени контакт информации за Службеник за млади на:

- Интернет страницата на Општина Велес (**линк:** https://veles.gov.mk/kontakti-na-vraboteni-2/ );
- Интернет страницата на Влада (**линк**: https://vlada.mk/sluzbenik-za-mladi);
- Интернет страницата на Националниот Младински совет (**линк:**http://www.nms.org.mk/%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8/ );
- Интернет страницата на Агенција за млади и спорт (**линк:** http://ams.gov.mk/odnosi-so-javnosta/soopstenija/1562-naznachen-sluzhbenik-za-mladi-vo-agencija-za-mladi-i-sport).

**14. Посета на Европска куќа, Скопје и резиденција на амбасадорот на ЕУ**

Во соработка со Европска куќа, Скопје, група млади (ученици од средните училишта) од Велес, заедно со службеникот за млади, имаа можност да ги

посетат просториите на Европска куќа, Скопје и да се запознаат со работата и функционирањето на истата.

Истовремено, заедно со други групи на млади луѓе од Куманово, Битола, Дебар, Тетово, Струмица и Крива Паланка имаа прилика да ја погледнат изложбата „Бегство" која беше поставена во резиденцијата на амбасадорот на Европската Унија во Скопје.

Посетата во Скопје беше организирана на последниот училишен ден, 10 јуни 2021 година, а во резиденцијата групите ги пречека заменикот амбасадор на ЕУ, Н.Е. Џулијан Васало со кого имаа можност да дискутираат за уметноста, образованието, но и можностите за нивно поврзување преку Европска куќа, Скопје и ЕУ Инфо-точките низ државата.
(**линк:** https://www.facebook.com/132928620102477/posts/4287511437977487/).

**15. Донесена Статутарна Одлука на Совет на Општина Велес за пристапување кон изменување на Статутот на Општина Велес**

Потребата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Велес произлезе со донесување на Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20), каде во член 16 е предвидено „Општините, општините на градот Скопје и градот Скопје со Статут предвидуваат формирање на Локални младински совети. Локалните младински совети имаат советодавна и застапувачка улога во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје од делокругот на младински прашања и политики".

Заради имплементација на законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики, промената во Статутот на Општина Велес е со цел да се уреди начинот на работа на Локалниот младински совет, делокругот на неговата работа, постапката за избор на членовите на советот и други прашања од значење на работата на советот.

Статутарната одлука за пристапување кон изменување на Статутот на Општина Велес е донесена на 21.06.2021 година (арх. бр. 25-2495/3). Прилог: копија.

**16. Отворен ден - Млади Европски амбасадори**

Во соработка со Европска куќа, Скопје, неколку млади луѓе од Велес има можност да се запознаат со процесот на избор на Млади Европски амбасадори *Young European Ambassadors (YEA)* и со конкурсот, објавен на www.webalkans.eu.

Настанот беше организиран на 24 јуни 2021 година во Скопје, преку Отворен ден за млади луѓе кои ги интересира младинскиот активизам и пројавиле интерес за поднесување апликации за стекнување со титулата Млад Европски амбасадор. Тие се запознаа со улогата и делувањето на младите амбасадори во земјата, регионот и Европа.

**17. Промоција на Прирачник за Локален Младински совет**

По повод промоцијата на Прирачникот за локални младински совети, во организација на Агенција за млади и спорт и Мисијата на ОБСЕ, на 30 јуни 2021 беше организиран промотивен настан во хотелот DoubleTree by Hilton во Скопје.

Поради актуелната Ковид-19 состојба и ограничените места за лично присуство, настанот можеше да се следи и на интенрнет платформата Зум.

(**линк:**https://zoom.us/j/91912629144?pwd=ejJOSTNFeXFzbkxQa0ZRV3FzcU9Edz09#success). На настанот се обратија г-дин Зоран Заев, премиер на Република Северна Македонија, Н.Е. Клеменс Која, Шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и г-дин Наумче Мојсовски, директор на Агенцијата за млади и спорт.

Прирачникот за Локални младински совети е наменет за младите членови на Локалниот младински совет, како и за општинските службеници. Истиот служи како помошна алатка во врска со целокупниот процес на основање и работење на Локалните младински совети. Прилог: агенда од настанот.

**18. Донесена Одлука на Совет на Општина Велес за намена на простор за Младински центар**

Поради имплементација на законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики, каде во глава V, член 16 е предвидено и дефинирано формирањето на Младинските центри, Советот на Општина Велес донесе Одлука за намена на простор во Локалната библиотека „Гоце Делчев" сопственост на Општина Велес.

Во Одлуката се дефинирани просториите наменети за функционирање на Младинскиот центар, финансиската поддршка со која Општина Велес ја поддржува работата на Младинскиот центар, како и информација во врска со критериумите поврзани со Јавниот повик преку кој ќе биде избрана Младинска организација и/или Организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар.

Одлуката за намена на простор за Младински центар, СОВ ја донесе на 1 јули 2021 година (арх бр. 25-2630/5). Прилог: копија.

**19. Добиена поддршка за Младински центар**

Како контакт лице на Општина Велес задолжено за комуникација со Европска куќа, Скопје и како ЕУ Инфо Точка во Велес, во заедничка комуникација и соработка со Европска куќа, Скопје, на 16 јули 2021 година беше остварена поддршка за Младинскиот центар во заштитни маски, средства за дезинфекција, банер со логото на *„ЕУ со тебе"*, пенкала, тефтери и друг вид промотивен материјал.

**20. Донесена Одлука на Совет на Општина Велес за утврдување на услови за избор на Младинска организација или организација за млади за раководење со Младински центар во Велес**

Поради имплементација на законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики, каде во глава V, член 16 е предвидено и дефинирано формирањето на Младинските центри, Советот на Општина Велес донесе Одлука за утврдување на услови за избор на Младинска организација или организација за млади за раководење со Младински центар во Велес во која се дефинирани условите за работа на Младинскиот центар, висината на финансиските средства со кои Општина Велес ја поддржува работата на Младинскиот центар, времетраењето во кое избраната организација ќе раководи со Младинскиот центар, како и условите кои организациите треба да ги исполнуваат при пријавувањето на јавнообјавениот повик за избор на Младинска организација и/или Организација за млади за раководење на Младинскиот центар.

Одлуката за утврдување на услови за избор на Младинска организација или организација за млади за раководење со Младински центар во Велес е донесена на 4 август 2021 година (арх. бр. 25-3094/5). Прилог: копија.

**21. Одбележан 12 август, Меѓународниот ден на младите**

Остварените контакти и редовната комуникација на службеникот за млади со Мисијата на Мировниот корпус, резултираа со организирање на работилница за млади, по повод 12 август, Меѓународниот ден на младите.

На оваа работилница за млади со претставници на Мировниот корпус, која се одржа во медиотеката на ЛБ „Гоце Делчев" во Велес, се разговараше за предизвиците на младите во Велес, но се споделија и позитивни лични искуства, беше претставено работењето и делувањето на Мировниот корпус во земјава, како и можностите за волонтирање и учење / студирање во Соединетите Американски Држави.

На иницијатива на Службеникот за млади од Општина Велес, оваа средба со млади беше искористена како повод Мировниот корпус да обезбеди и донација на наслови на англиски јазик за сите љубители на пишаниот збор кои опфаќаат разни жанрови (литература со граматика на англискиот јазик, белетристика, романи и друго). Донацијата наменета за ЛБ „Гоце Делчев", се состои од 145 наслови на англиски јазик, кои се сместени во т.н. *Англиско катче* во медиотеката на ЛБ „Гоце Делчев" во Велес.

На средбата беа присутни, млади луѓе, членови на НВО од Велес, г-дин Дејвид Рут, Програмски директор на Мировен корпус, г-ѓа Теута Салији, Регионален менаџер и Службеникот за млади од Општина Велес.

Средбата се одржа според Ковид-19 протоколите за организирање настани во затворен простор.
(**линк:**https://veles.gov.mk/%d1%81%d0%be-%d0%b4%d0%be%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%be%d0%b4-%d0%bc%d0%b8%d1%80%d0%be%d0%b2%d0%bd%d0%b8%d0%be%d1%82-%d0%ba%d0%be%d1%80%d0%bf%d1%83%d1%81-%d0%be%d0%b4%d0%b1%d0%b5%d0%bb/ ).

**22. Насликан мурал „Европска младинска картичка"**

По добиено Барање за одобрување користење јавна површина (ѕид) со иницијатива за поставување мурал со претстава на Европската Младинска Картичка (произлезено како идеја од мерката наменета за млади „Информација за Дигитализирање на Европската Младинска Картичка", усвоена на седница на Владата на РСМ), во Велес беше насликан овој мурал на потпорниот ѕид во близина на ЈП „Парк – спорт и паркинзи" (пред скалишниот дел).

Иницијативата е дел од проектот „Поддршка на изборните реформи", а носител е Националниот Младински Совет на Македонија (НМСМ). Проектот е комплетно финансиран од амбасадата на Швајцарија и IFES (International Foundation for Electoral Systems).

Димензиите на муралот се 2,00 метри висина и 4,00 метри ширина. Муралот беше насликан со акрилни бои од две млади уметнички од Велес, во периодот од 19 до 25 август 2021 година.

**23. Воспоставена комуникација и соработка со ЗГ „Младински сојуз", Крушево (Youth Alliance)**

По пристигната информација од страна на ЗГ „Младински сојуз", Крушево се воспостави комуникација со цел подетално запознавање со работата на оваа организација, но и разгледување на можностите за соработка во врска со прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата во која работи службеникот за млади.

Комуникацијата е воспоставена со Сара Ристеска, претставник на организацијата.

**24. Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, дел од проект за мониторинг на спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики, а во врска со наведените прашања поврзани со Локален младински совет, локална стратегија за млади, Канцеларија за млади, Службеник за млади, Младински центар и негово финансирање, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 7 октомври 2021 (арх бр. 26-3616/2).

Одговорот по електронски пат е доставен до Ѓорги Нанчев.

**25. Насликан мурал „Ленка"**

По добиено Барање за одобрување користење јавна површина (ѕид) со иницијатива за поставување мурал, насловен „Ленка" (инспирација и идеја произлезена од песната „Ленка" од Кочо Рацин), дел од проектот „Градиме култура, сликаме култура – мурали за 30 години независност", финансиски поддржан од Владата на Република Северна Македонија (https://vlada.mk/povik-event-industrija), Општина Велес одговори позитивно на Барањето.

На јавна површина, потпорен ѕид во близина на Градскиот саат, млади уметници од Скопје, во периодот од 19 до 26 октомври 2021 година го насликаа муралот и користеа акрилни бои, со димензии 4м должина и 6м висина.

Носител на проектот е „Фрагмент Комуникации" ДООЕЛ Скопје. Додека, извршител задолжен за спроведување на уметничката и креативна содржина е Ненад Тонкин од „Студио КР7 ТП".

(**линк:** https://veles.gov.mk/veles-so-nov-mural/ ).

**26. Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во врска со поддршката на општината на здруженијата на граѓани, за потребите на Фондација за развој на локална заедница беше навремено и транспарентно доставен одговор на 26 октомври 2021 (арх бр. 26-3969/2).

Одговорот по електронски пат е доставен до Давид Митровиќ.

**27. Доставен одговор по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

По добиено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во врска со младинскиот активизам и волонтирањето на локално ниво, за целите на проектот "Are You(th) IN?", имплементиран од Здружение на граѓани „Младите можат", а поддржан од германската фондација Schuler Helfen Leben, беше навремено и транспарентно доставен одговор на 5 ноември 2021 година (арх бр.26-4099/2).

Одговорот по електронски пат е доставен до Елена Димовска, претставничка на организацијата.

**28. Одговорен онлајн Прашалник за млади**

Прашалникот е во рамки на проектот „Поддршка на изборни реформи" на Швајцарската амбасада/Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), имплементиран од ИФЕС и НМСМ, со цел определување на процентот на млади кои се запознати со позицијата службеник за млади и соодветните надлежности на службеникот кои произлегуваат согласно Законот за младинско учество и младински политики. Меѓудругото, прашалникот има за цел и да го определи процентот на активни службеници за млади, нивната респонзивност, колку младите се запознати со позицијата служеник за млади и надлежностите кои произлегуваат согласно Законот за младинско учество и младински политики и колку често младите ги контактираат т.е им приоѓаат на службениците за помош во било која област која е од интерес за младите.

Транспарентното и навремено одговарање на Прашалникот дава соодветни информации за имплементацијата на Законот за младинско учество и креирање младински политики, а со тоа и подобрување на квалитетот на животот на младите.

Онлајн Прашалникот беше одговорен и доставен навремено до Дарко Тошиќ, мобилизатор на заедницата на 23 октомври 2021 година.

**29. Одбележан 5 декември, Денот на волонтерството**

По повод 5 декември, меѓународниот ден на волонтерството, Општина Велес и ЗГ „Младите можат" од Скопје, организираа работилница за млади - иницијатива „Мој простор", дел од проектот „Поддршка на изборните реформи", поддржан од Швајцарската агенција за развој и Националниот Совет на Македонија.

На работилницата, покрај споделувањето на идеите од страна на младите, свое обраќање имаа и мобилизаторката на проектот Софија Стојановска и службеникот за млади во Општина Велес кои информираа за правно-формалниот процес за формирање на Младинскиот центар во Велес, за неговата улога, значење и придобивките од неготово постоење во заедницата.

Работилницата се одржа на 3 декември 2021 година во просториите на ЛБ „Гоце Делчев". (**линк:** https://veles.gov.mk/odbelezan-5-dekemvri-denot-na-volonterstvoto/).

Додека пак на 22 декември 2021 година, како дел од проектот, се одржа и завршниот настан, на платформата Zoom, на кој учество земаа повеќе млади и Службеници за млади од повеќе градови кои разговараа за начинот на формирање и работење на Младинските центри.

Во рамки на оваа иницијатива, на разводната кутија пред споредниот влез на Локалната библиотека „Гоце Делчев" во Велес беше насликан графит, под наслов „Трафотрон". Прилог: фотографии од графитот.

**30. Недела на Европски филм**

Во соработка со Европска куќа, Скопје, група млади од Велес, на 15 декември 2021 година имаа можност да присуствуваат на филмско прикажување на филм од словачката филмска продукција во просториите на Младинскиот Културен Центар (МКЦ) во Скопје.

Информации за филмот: ET There be light (Nech je svetlo), од Marko Skop (2019) 93' Slovak Republic / Czech Republic.

Овој настан е дел од Неделата на Европски филм 2021 која беше одбележана со прикажувања на филмски остварувања од европската филмска продукција и со дебати на разни теми, а се одбележа во периодот помеѓу 12 и 17 декември 2021 година. Прилог: агенда.

**31. Презентација за Истражување за младински трендови**

На 21 декември 2021 година, на интернет платформата Zoom, беше одржана промоција на наоди од Истражување за младински трендови „Почетна студија за младинските трендови во Република Северна Македонија", спроведено на национално ниво, во текот на април – август 2021 година. На настанот учествуваа Службеници за млади од повеќе општини.

Целта на настанот беше да се презентира актуелната состојба на младите луѓе во однос на нивниот квалитет на живот, можностите за младинско учество, како и нивните перцепции за квалитетот на политиките за млади. Исто така, на настанот се презентираа и добри практики на младинско учество на меѓународно ниво, утврдени преку компаративна анализа.

Истражувањето е дел од проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата", финансиран од Европската унија. Проектот е спроведуван од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА, како главен имплементатор, заедно со партнерите СОС Детско Село - Северна Македонија, Волонтерски Центар и Асоцијација „Женски Форум" од Тетово. Прилог: агенда.

**32. Остварена и одржана редовна комуникација со засегнати страни**

Со цел навремено информирање, остварување на контакти и соработка, реализација на иницијативи и проектни активности, Службеникот за млади по неговото назначување (во периодот мај – декември 2021 година) остварува и одржува редовна комуникација со сите засегнати страни од делокругот на неговата работа: со останати службеници за млади од други општини, со Сојузот за младинска работа (СМР), со Агенцијата за млади и спорт (АМС), со млади од заедницата, со Здруженија на граѓани од градот и државата итн...

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:

Согласно член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики и согласно Решението за именување на Службеник за млади, по изготвувањето и доставувањето на овој Извештај до Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт, истиот ќе биде јавно објавен и на интернет страницата на Општина Велес.

Дел од активностите во оваа тековна година беа времено одложени и/или прилагодени при нивната реализација согласно донесените мерки и протоколи за заштита и спречување од ширење на Ковид-19.

**Легенда на кратенки:**

1. СОВ – Совет на Општина Велес
2. ЕУ – Европска Унија
3. ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка на Европа
4. АМС – Агенција за млади и спорт
5. СМР – Сојуз за младинска работа
6. НВО – Невладина организација
7. ГО – Граѓанска организација
8. ЗГ – Здружение на граѓани
9. МКЦ – Младински културен центар
10. Н.Е. – Негова Екселенција
11. ЛБ – Локална библиотека
12. СДЦ - Швајцарска агенција за развој и соработка
13. НМСМ – Национален младински сојуз на Македонија
14. ЈП – Јавно претпријатие
15. Радио МОФ – Младински образовен форум
16. ОО Црвен крст – Општинска организација на Црвен крст

**Прилог:**

- Копија од Решение за назначување на Службеник за млади;
- Агенда, промоција на Прирачник за млади;
- Агенда, Недела на Европски филм;
- Статутарна Одлука на СОВ за пристапување кон изменување на Статутот на Општина Велес;
- Одлука на СОВ за намена на простор за Младински центар;
- Одлука на СОВ за утврдување на услови за избор на Младинска организација или организација за млади за раководење со Младински центар во Велес;
- Фотографии од графит;
- Агенда, Презентација на истражување за младински трендови.

**Доставено до:**

- Градоначалник на Општина Велес;
- Совет на Општина Велес;
- Агенција за млади и спорт;
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.

**Датум:**
**3 јануари 2022**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Изработил:**
**Службеник за млади,**
**Владимир Смилев**